**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**- Одбор за подигање спомен обележје**
**на „ Питу Гули„**
**11.01.2011 год.**
**С к о п ј е**

**ДО**

**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**С К О П Ј Е**

Согласно Одлуката за подигање спомен обележје на „ Питу Гули„ бр. 07-3498/38 од 27.10.2010 година /„Службен гласник на Општина Центар„ бр. 16/2010/ донесена од Советот на Општина Центар-Скопје, Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „ Питу Гули „, го поднесува следниот

## **И З В Е Ш Т А Ј**

Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „ Питу Гули „ формиран со Одлука на Советот на Општина Центар бр. 07-3498/38 од 27.10.2010 година, утврди текст на Конкурс за изработка на идеен проект за подигање спомен обележје на „ Питу Гули „ и Проектна програма.

Одборот одреди Конкурсот да се објави во дневните весници „Време„ „Дневник „ и „Лајм„ и рокот на траење на Конкурсот да биде до 17.12.2010 година.

Во утврдениот рок на траење на конкурсот пристигнаа 12 конкурсни трудови заедно со приложената документација.

Одборот констатира дека сите 12 трудови се пристигнати во предвидениот рок истите се комплетни и пристапи кон поединечно оценување на секој труд.

По поединечното оценување на секој труд, на седницата што ја одржа на ден 11.01.2011 година, Одборот одлучи да додели:

- Прва (изведбена) награда во износ од 200.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Питу Гули„ под работен (деловоден) број 08-4269/1 на авторот Кристина Пауновска скулптор од Скопје.

Одборот смета дека авторот комплетно одговорил на предизвикот за сериозно, аналитично и современо решение. Истото се одликува со изразен професионален скулпторски пристап и тоа не само во многу рафинираната моделација и имплементираните ликовно естетски содржини туку и во успехот во наметнувањето на дополнителни психолошки ефекти. Монументалноста и смиреноста во композицијата создаваат една целина, преставувајќи го Питу Гули во најсилно историско значење. Односот на човечката фигура и коњот создава дополнително чувство на хармонија но и една висока човечка цврстина и одлучност. Портретот најавтентично ги доловува физичките особености на ликот на Питу Гули.

- Втора награда во износ од 120.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Питу Гули,,, под работен /деловоден/ бр. 08-4262/1 од авторот Филип Даскаловски, скулптор од Скопје.

Во овој труд авторот вложил вонреден напор во конципирањето и реализирањето на скулпторската целина. Трудот преку својата пластика го привлекува вниманието на гледачот имајќи ги предвид индивидуалните белези и истакнувајќи се со скулпторски партии кои се систематски организирани во просторот. Присутен е еден вонреден скулпторски набој кој сематички допринесува во длабокото доживување на решението.

- Трета награда во износ од 60.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Питу Гули,,, под работен /деловоден/ бр. 08-4265/1 на авторот Зоран Тошевски скулптор од Скопје.

Во овој труд, идејното решение е воспоставено со специфична нарација и стилизација на композицијата. Пластицитетот и ракописот на авторот е сериозен и по однос на слоевитоста на скулпторскиот занает. Ликовно-естетските содржини се манифестирани со сериозно конципирана скулпторска агенда.

Согласно горе изнесеното, Одборот му предлага на Советот да се подигне спомен обележје на „ Питу Гули„ според првонаградениот идеен проект на авторот Кристина Пауновска, скулптор од Скопје.

Одбор за подигање спомен
обележје на „Питу Гули„
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љубомир Тасев

/г/ 2011 извештај Питу Гули/1/